РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Детски културен центар КАРПОШ

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21,111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 3, член 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” - 143/19, 14/20 и 208/24), а во врска со член 76-ж, член 77-г и член 77-д од Законот за култура, одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија” бр.242/24), Правилникот за форма и содржина на јавниот оглас за пополнување на работно место во ЈУ Детски културен центар Карпош преку вработување и на Пријавата за вработување како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас за вработување на помошно технички лица во ЈУ Детски културен центар „Карпош“ број 01-703/1 од 28.10.2019 година и Известување од Град Скопје за обезбедени финансиски средства бр. 08-6341/2 од 12.06.2026 година, Одлуката за објавување на јавен оглас за вработување на неопределено време бр.02 –299/1 од 16.06.2026, година, ЈУ Детски културен центар Карпош објавува:

# **Ј А В Е Н  О Г Л А С**

за вработување на 1(едно) лице на неопределено време бр.04 – 300/1 од 16.06.2026 година

ЈУ Детски културен центар Карпош – Скопје има потреба од вработување на 1(едно) лице: помошно техничко лице на неопределено време на следното работно место:

1 (едно) лице на работно место Гардеробер — со шифра на работно место КУЛ 04 01 Б01 001

Посебни услови: степен и вид на образование - средно образование
Основна нето плата: 36.467 денари
Со и без работно искуство

Кандидатот за работното место треба да ги исполнува општите услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

За работното место – Гардеробер работното време се распределува согласно програмските потреби и тоа 40 работни часа неделно од 8 часот до 16 часот.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на ЈУ Детски културен центар Карпош или да се превземе од веб страната на Центарот www.dkckarpos.org.mk. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:

- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);
- доказ – диплома за завршен соодветен степен на образование;
-потврда/уверение дека не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци);
- уверение за општа здравствена способност за работното место (не постаро од 6 месеци).

Јавниот оглас трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавување во дневниот печат. Постапката за селекција за вработување се состои од: административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

Во рок од три дена Комисијата за вработување подготвува и до Директорот на јавната установа од областа на културата доставува предлог кандидат.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар.

Пријавите со потребни документи да се достават до архивата на Центарот или на адреса:

**ЈУ Детски културен центар Карпош**
**Бул.„Илинден„ бр.53, 1000 Скопје**

**НАПОМЕНА:**Некомплетни или ненавремено поднесените документи нема да се разгледуваат.

Изборот ќе се изврши во рок од 5(пет) работни дена по добиениот предлог од Комисијата за вработување, согласно Законот за култура и правните акти на Центарот.

Директор
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска